лабораторија avicena

ПЗУ АВИЦЕНА ЛАБОРАТОРИЈА
СПЕЦИЈАЛИСТИЧКА ДИЈАГНОСТИЧКА ЛАБОРАТОРИЈА
❖ЛОКАЦИЈА 1 Бул. 8 Септември бр. 2, лок. 1, 1000 Скопје;
тел: 02 3179 001; lab@avicenalab.com.mk
ЛОКАЦИЈА 2 Бул. Јане Сандански бр.48, 1000 Скопје; тел: 02 2477 345;
lab2@avicenalab.com.mk
ЛОКАЦИЈА 3 ул. Благоја Тоска бр.222, 1200 Тетово; тел: 044 355 550, 044 355 551;
labtetovo@avicenalab.com.mk

# HbA1c – гликохемоглобин

| | |
|---|---|
| **За тестот:** | Лабораториски тест кој го покажува просечното ниво на шеќер во крвта (гликоза) во текот на претходните 3 месеци. Дава јасна слика за тоа колку добро го контролирате Вашиот дијабетес. |
| **Примерок:** | Венска или капиларна крв. |
| **Подготовка пред земање примерок:** | За повеќето лабораториски испитувања на крвта неопходна е припрема која подразбира земање на примерок ( на празен стомак ) наутро, 12 часа од последниот оброк. Ова е неопходно затоа што консумацијата на храна во периодот пред земањето крв доведува до пораст на концентрацијата на гликоза, холестерол, липиди, протеини, железо и други метаболити.<br><br>За да се добијат веродостојни резултати, во договор со лекарот, вадењето крв треба да се прави после прекин со терапијата и wash out периодот ( времето неопходно целиот лек да се исфрли од организмот и реално се одредат нови базални вредности ). Ова особено се однесува на терапија со железо, витамински препарати, хормонска терапија и др. |
| **Забелешка:** | Гликохемоглобинот (хемоглобин A1c, HbA1c, A1C, или Hb1c) е форма на хемоглобин кој се мери првенствено за одредување на просечната плазматска концентрацијата на глукоза во текот на подолго време. Се формира не-ензимски од изложеност на хемоглобинот на плазматската гликоза. При нормални нивоа на гликоза се произведуваат нормални количини на гликозилиран хемоглобин. Ако просечното ниво на гликоза во плазмата се зголемува, фракцијата на гликозилиран хемоглобин се зголемува на предвидлив начин. Ова служи како маркер за одредување на просечното ниво на гликоза во крвта во текот на претходните месеци пред мерењето. |